## Како користењето на антибиотици води до создавање бактерии отпорни на антибиотици?

**Секојпат кога користиме антибиотици, безопасните бактерии што живеат во нашите тела може да станат отпорни на тие антибиотици. Кога бактериите ќе развијат отпорност спрема разни видови на антибиотици, се нарекуваат „супербактерии“.**

Инфекциите предизвикани од супербактерии потешко се лекуваат или воопшто не се лекуваат. Супербактериите предизвикуваат:

- Инфекции што може да се лекуваат само со посилни антибиотици коишто предизвикуваат повеќе несакани дејства и опасности
- Инфекции што може да се лекуваат само со антибиотици што се даваат преку инјекции
- Инфекции за коишто не постои ефикасно лекување со антибиотици.

Некои од тие отпорни бактерии исто така може да се пренесат на други станари во старечкиот дом.

## Најважни пораки

- Антибиотиците се скапоцени и силни лекови
- Антибиотиците може да предизвикаат несакани дејства, а постарите луѓе се посклони кон тоа
- Некои инфекции поминуваат и без антибиотици
- Отпорноста на бактериите на антибиотици значи дека некои антибиотици во иднина можеби нема да дејствуваат.

## Што ако имам прашања за антибиотиците?

**Разговарајте со персоналот во вашиот старечки дом и со лекар ако имате некакви прашања за вашите антибиотици. Прашајте:**

- Каков е овој антибиотик? За која здравствена состојба е препишан?
- Може ли мојата состојба да се подобри без антибиотици?
- Направивте ли некакви проверки за да ви помогнат да утврдите за каква инфекција станува збор? Кога ќе бидат готови резултатите?
- Има ли некои други начини на лекување и нега што се препорачуваат?
- Какви се опасностите од несакани дејства од овој антибиотик?
- Колку долго треба да го примам овој антибиотик?
- Има ли некакви упатства за тоа како треба да го примам антибиотикот за да се осигурам дека тој ќе дејствува добро? (Некои антибиотици дејствуваат најдобро со храна, или на празен стомак, или пак одвоено од други лекови)
- Дали антибиотикот и другите лекови што ги примам ќе си влијаат заемно? (На пример, некои антибиотици може заемно да си влијаат со лековите за разредување на крвта, како што е варфаринот)
- Како ќе знаете дека антибиотикот дејствува на мојата инфекција?

Од персоналот во вашиот старечки дом и од лекарот може да побарате писмени информации за антибиотикот што ви е препорачан или за вашата инфекција.

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

Engage
*Empower*
**Safeguard**



# Ви требаат ли антибиотици?

Информации за антибиотиците за станарите на старечките домови и за нивните семејства, негуватели и претставници.

**1800 951 822**
agedcarequality.gov.au

**Подобро користење на антибиотиците**

## Зошто се антибиотиците важни за вас?

**Антибиотиците се скапоцени и силни лекови – и треба да се користат само за специфични намени.**

Тие можат да помогнат против многу бактериски инфекции, како што се инфекциите на мочните патишта, на кожата и на дишните органи. Може да спасат живот во случај на тешки инфекции, како што е, на пример, сепсата (труењето на крвта).

Кога антибиотиците се навистина потребни, користа од нив е поголема отколку опасноста од несакани дејства и од создавање бактерии отпорни на антибиотици.

Но антибиотиците **не се секогаш потребни.** Кога не се потребни, нема да ви помогнат, а несаканите дејства сепак можат да ви наштетат и да придонесат за создавање бактерии отпорни на антибиотици.

## Кои состојби не се лекуваат со антибиотици?

- многу инфекции на горните дишни патишта што се предизвикани од вируси
- некои бактериски инфекции што брзо минуваат дури и без антибиотици. На пример, бронхитис, инфекции на синусите и на ушите
- безопасни бактерии при состојби кадешто нема симптоми или знаци за инфекција. Примери за тоа би биле асимптоматичната бактериурија (безопасна бактерија во мочта што се открива со лабораториска проверка на урината), или неинфицирани рани на кожата
- кога се користат за да се спречи инфекција (профилакса). Примери за тоа се мастите против габички на кожата што се користат со месеци, или антибиотици што се примаат преку устата и се земаат само за да не се развие инфекција, а се користат со месеци, понекогаш и со години.

## Кои се можните несакани дејства на антибиотиците и опасностите од нив?

**Несаканите дејства на антибиотиците се чести, а постарите луѓе се изложени на поголема опасност од нив. Честите несакани дејства се:**

- Губење на апетитот / помалку јадење и пиење
- Гадење
- Пролив
- Габични инфекции како што е инфекцијата со габата кандида
- Кожен осип

**Со антибиотиците понекогаш се јавуваат и други потешки несакани дејства и опасности:**

- Животозагрозувачки алергиски реакции
- Несакани дејства од истовремено земање антибиотиците и други лекови
- Инфекции со бактерии што се отпорни на антибиотици, затоа што изложеноста на некој антибиотик може да им овозможи на бактериите во вашето тело (дури и на безопасните бактерии) да се приспособат, така што тој антибиотик веќе нема да ги уништува
- Инфекцијата со бактеријата C. difficile (или C. diff) е болест на органите за варење што настанува кога добрите бактерии во вашите црева се уништени од антибиотици. Инфекцијата со бактеријата C. diff предизвикува болка во стомакот, гадење и пролив. Може да предизвика тешко оштетување на цревата и може да се пренесува на други луѓе. Опасноста од инфекција со C. diff трае со месеци, дури и откако сте престанале да примате антибиотици.

**Во еден од пет случаи препишаните антибиотици се за спречување на инфекција, а многупати тоа можеби не е неопходно.**

**Седум од десет станари на старечките домови добиваат една или повеќе дози антибиотици годишно. Некои од тие третмани можеби не се неопходни. Ако лекарот планира да ви препише антибиотик, замолете го прво да ви објасни зошто го прави тоа.**

## Како да останете здрави?

**Може да останете здрави и да го заштитите здравјето и на другите луѓе со тоа што:**

- Ќе ги одржувате рацете чисти така што ќе ги миете со сапун и вода откако сте биле во клозет и ќе користите средство за дезинфекција што содржи алкохол пред да допирате други луѓе и пред да јадете
- Ќе настојувате здравствените работници и посетителите да си ги мијат рацете пред да ве допрат или пред да ви чистат/преврзуваат некоја рана
- Ќе си ја покривате устата кога кашлате за да го спречите ширењето на бактерии
- Ќе ги замолите роднините и пријателите да не ви доаѓаат на посета кога не се чувствуваат добро
- Ќе седите во својата соба кога сте болни
- Ќе се заштитите така што ќе примите вакцини против грип, против КОВИД-19 и против пневмонија (воспаление на белите дробови) и ќе ги поттикнувате и другите околу вас да го направат истото.

За повеќе информации во врска со ова, поразговарајте со персоналот на вашиот старечки дом или со лекар.

**Паметното користење на антибиотиците денес ќе осигури дека антибиотиците ќе дејствуваат и утре.**